Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД
СУ-07 бр.47/23
28.12.2023 год.
ШТИП

Судскиот администратор на Основен суд Штип, Лепа Донева, врз основа на чл.43 ст.1 од Законот за судска служба (Сл.весник бр.43/14) по спроведената постапка по Интерен оглас бр.1/23, за унапредување на судски службеник, во работно место – Судски советник, 7 (седум) извршители, по доставениот Предлог за избор на кандидати за унапредување Су-07 бр.41/23 од 27.12.2023 година, на ден 28.12.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

За работно место Судски советник - категорија В, ниво В1, 7 (седум) извршители, шифра СУД0101В01002 се избираат кандидатите:

1. Сузана Митровиќ со освоени 27,35 бода.
2. Марина Ташкова со освоени 27,35 бода
3. Сашо Балабанов со освоени 26,35 бода
4. Катерина Миленкова Трајчева со освоени 26,35 бода
5. Дејан Мицов со освоени 24,35 бода
6. Катерина Ѓуркова со освоени 24,35 бода
7. Никола Мустракински со освоени 24,32 бода.

За избраните кандидати по конечноста на одлуката ќе се донесе решение за унапредување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на Основниот суд во Штип на веб страната на судот на ден 18.12.2023 год. објавен е Интерен оглас бр.1/23, за унапредување на судски службеник, за работно место Судски советник, категорија В, ниво В1 , 7 (седум) извршители.

Од страна на Комисијата за селекција за унапредување согласно чл.6 ст.4 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас доставен е Предлог за избор на кандидати за унапредување Су-07 бр.41/23 од 27.12.2023 год.

Со Предлогот за избор на кандидати за унапредување, Комисијата за селекција за унапредување ги предложи кандидатите:, Сузана Митровиќ со освоени 27,35 бода, Марина Ташкова со освоени 27,35 бода, Сашо Балабанов со освоени 26,35 бода, Катерина Миленкова Трајчева со освоени 26,35 бода, Дејан Мицов со освоени 24,35 бода, Катерина Ѓуркова со освоени 24,35 бода и Никола Мустракински со освоени 24,32 бода како најдобро рангирани кандидати на ранг листата во сите фази на селекција за унапредување за работното место Судски советник. категорија В, ниво В1.

Судскиот администратор имајќи го во предвид Предлогот на Комисијата за селекција за унапредување, за работното место Судски советник категорија В, ниво В1 ги избра предложените кандидати.

Имајќи ги предвид горенаведените причини, согласно чл.43 ст.1 од Законот за судска служба, се одлучи како во изреката на одлуката.

Судски администратор на ОС Штип,
Лепа Донева

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 8 дена до Советот на судска служба.